КОМУНАЛЕЦ
Бр. 01-1251/1
20.12. 20 17. год

# Програма

за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за 2018 год.

Кавадарци 18.12.2017 год.

## Редослед на програми по сектори и одделенија:

1. Сектор за Водовод и Канализација
2. Сектор за  Комунална хигиена
3. Одделение за одржување на механизација и возила
4. Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата
5. Одделение за општи и правни работи
6. Одделение за гробишта
7. Одделение за пазар

# Програма за работа за 2018 година за

# Сектор за Водовод и канализација

Примарна цел на оваа единица е зафаќање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење со број на вработени 60 и тоа 2 инженери, 4 техничари и 54 работници.

Во оваа програма се планира динамиката и обемот на инвестиционите вложување во Сектор за Водовод и канализација за 2018 год.

Поради тоа што градот Кавадарци и околните населени места, заедно со градот Неготино се снабдуваат со вода за пиење од изворите Лукар I-II, Косматец и зафатот од Стара Река, , посебно внимание се посветува за одржување на овој систем за непрекинато функционирање за дистрибуирање на здрава-бактериолошки исправна вода за населението, истотака посебно се посветува и за новиот систем за водоснабдување на град Кавадарци и Општина Росоман, во чиј склоп функционира и филтер станица а се изградени од локалната самоуправа .

Програмата е планирана во рамките на можните расположливи средства и ресурси за 2018 година и таа ги опфаќа сл. населени места за општината:

Град Кавадарци и селата:Конопиште,Крњево, Страгово, Бојанчиште , Куманичево, Гарниково,Долна Бошава, Бегниште, Возарци, Ресава, Шивец, Дреново, Ваташа,нас.Моклиште, Глишиќ, Марена и Сопот.

**Предмет на програмата**

Предмет на оваа програма се следните дејности:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење, санитарни и други потреби.
- Одведување на отпадни и атмосферски води од домаќинствата, индустриски објекти и улици.
- Испитување на квалитетот на водата за пиење.
- Санација и изградба на хидро-технички објекти, водоводни и канализациони линии.
- Евидентирање на потрошена вода кај правни и физички лица.
- Организирање, поправка и баждирање на водомери.
- Надзор и контрола при изградба на објекти за водоснабдување и канализација.
- Реконструкција на водоводна, канализациона и атмосверска мрежа, како и други активности потребни за одржување и непрекинато функционирање на системот за водоснабдување и канализација.

Реализацијата на програмските активности ќе ја обезбеди Секторот Водовод и канализација преку следната организациона поставеност:

Одделение за водоводна градска и селска мрежа,и
Одделение за канализација, изворски дел доводи

По замисла на локалната самоуправа-Општина Кавадарци ,се планира формирање на Одделение за градежни работи-градежна група која би функционирала во склоп на Сектор за Водовод и канализација, а ќе биде со работни задачи определени од Локалната самоуправа, а тие се следните:

Реконструкција и одржување на поплочени улици, одржување на сообраќајни знаци, набавка на боја за хоризонтална сигнализација и одржување на хоризонтална сиогнализација, одржување на локални патишта, одржување на полски патишта, прередување на ситна камена коцка, крпење и асфалтирање на ударни дупки низ Општината и тн.

За да се започне со формирање на градежната група се планира промена на тековната систематизација на претпријатието.

Буџетот потребен за функционирање на новото Одделение ќе биде обезбеден од Општина Кавадарци.

**Водовод**

Дејноста на оваа одделение опфаќа:

- Експлоатација, одржување и регулација на водоводната мрежа.
- Одржавање на сите објекти во склоп на мрежата, шахти, воздушни вентили, пожарни хидранти, испусти, затварачи, приклучоци, водомери и се што е во склоп на мрежата.
- Реконструкција на стари водоводни линии.
- Интервенции кај правни и физички лица, како и други активности потребни за одржување на системот.

ЈП КОМУНАЛЕЦ Кавадарци во тек на 2018 год. ќе добие средства во висина од 2 500 000 евра од KfW банка во вид на грант(неповратни средства), и истите се планира да се распределат плански на реконструкција на застарени водоводни линии, реконструкција на потребни делови од главниот цевковод ,проширување на СКАДА системот и пуштање во функција на сопствена лабораторија за испитување на квалитет на водата за пиење.

**Изворски дел**

Во 2018 год. предвидени се основните активности, редовна контрола и санирање на сите хидро објекти , чистење на таложници, чистење на филтри и тиролскиот зафат, како и конструирање на два моста на река жарница и Стара Река како и слични активности потребни за одржување и функционирање на системот кои се извршуваат заедно со ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино поради склучениот договор за заедничко наплатување на материјални трошкови средства за довод ЛУКАР и личен доход на чуварите од 01.06.1979 година со број 03-0143, со што 25 % од обврските припаѓаат на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино.

**Главен цевовод**

-Во оваа година предвидено е да се изврши промена на неколку воздушни вентили кои се наоѓаа во пределот на Бошавијата и Витачево, а за чија промена се обезбедени средства од KfW банка во вид на грант.

-Да се извршува редовната контрола на сите испусни и воздушни вентили и филтерската станица.

Во сите активности учествув и ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино поради горенаведениот договор.

**Селска водоводна мрежа**

Во 2013 год.со Одлуката на Совет на град Кавадарци предадени ни се за одржавање и селските водоводи за Конопиште,Крњево,Страгово, Бојанчиште , Куманичево, Гарниково,Долна Бошава, Бегниште, Возарци, Ресава, Шивец, Дреново, Ваташа, нас.Моклиште,нас.Глишиќ, Марена и Сопот.

Предвидено е ангажирање на две лица кои редовно ќе бидат присутни во овие селски населби кои ќе вршат контрола на сите селски водоводни мрежи. Ќе вршат санирање на дефекти , ќе остваруваат контакт со сите потрошувачи и доставување на фактури за потрошена вода и други дејности неопходни за одржување на водоводната мрежа.

**Градска разводна мрежа**

Продолжува реконструкцијата на водоводната и канализациона мрежа. Изградбите во 2018 год. се усогласени со плановите и програмите на Локалната самоуправа на Општина Квадарци.

**Канализација**

Оваа одделение врши прифаќање и одведување на фекалните и атмосферските води до колекторот, односно рецепиент (река) и други дејности поврзани со фекалните и атмосферските води.

Покрај во градот, се врши и одржување на канализационите линии во селата: Ваташа, Глишиќ, Марена, Сопот, Возарци , Дреново, Бојанчиште, Ресава, Шивец,.

Освен прифаќањето и одведувањето на канализационите води, оваа единица ги извршува и следните активности:

- Одржување на фекална, атмосферска и мешовита канализациона линија
- Чистење на канализација со цистерна под притисок
- Одржување и чистење на шахти
- Чистење, санирање и изградба на приклучоци и инсталации на правни и физички лица
- Реконструкција и сепарација на фекална од атмосферска канализација,

И оваа година ќе се врши реконструкција и сепарација на фекална од атмосферска канализација на помали потези на местата каде што нашите анализи кажуваат дека имаме најголеми оштетувања или запушувања на истите изработака на нови шахи на некои критични потези од канализацијата и санирање на оштетени шахти.

И во ова година продолжува санирање на сите решетки за атмосферска вода кои се во многу лоша состојба и изработка на нови. Оваа акција почна во 2015 год и продолжува во 2018 год.

*Инвестиции*

Со подолготрајна анализа на проблемите кој се јавуваат во тековното одржавање на водоводната , фекалната и атмосферската канализација се увиде дека најголема потреба од реконструкција има на фекалната и дел од атмосферската вода. Како основа на сето ова почетокот во реконструкцијата треба да биде на главните колектори кои моментално се во многу лоша состојба и моменталните профили неможат да ги зафатат сите отпадни води. Станува збор за два колектори кои одат паралелно по реципентот Луда Мара од почетокот на с.Ваташа до с.Марена.

Планирано е да се изврши реконструкција на дел од овие потези , промена на старите дотрајани цевки и мали профили со цевки со поголеми дијаметри и прописно поставен ревизиони шахти. Проектот требе да предвиде во наредните 25 до 30 години да ги задоволи сите потреби за одведување на фекалната и дел од атмосферската вода. Вкупната должина на колекторот од двете страни на реципиентот е со должина Л=11000м со профили од Ф400-Ф1200, од оваа должина планирана е реконструкција на приближно 1100 m од двете страни на реката. Исто така предвидена е вкупна ивестиција од 1 000 000 евра средства обезбедени од грант од KfW банка, кој што ќе се реализираат тековно во 2018 година( *во зависност од времето на одобрување на проектот)* .

Се предвидува доршување на реконструкцијата на т.н.Росоманска линија од сопствени средства во должина од 750 m.

Во ова година предвидена е реконструкција изведена од претпријатието со сопствени средства и работна рака во градската водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура и на помали потези со вкупни должини : водоводна мрежа со приближна должина Л= 1100m

Фекална со должина 1300 м и атмосферска со должина Л= 1000 м

Се планира дополнително реконструирање на дотрајани водоводни и канализациони линии кои ќе ги изведуваат надворешни соработници избрани по транспарентна постапка на тендер, средствата се обезбедени како грант од KfW банка.

Вкупните должини се следните: водоводна мрежа со приближна должина Л= 1250m, Фекална со приближна должина 1200 м и атмосферска со приближна должина Л= 500 м.

Во оваа година продолжува активноста промена на главни вентили на градската дитрибутивна мрежа. Поради дотрајаноста на овие вентили многу од нив не се во исправна состојба и во случај на санирање на дефекти празнењето на мрежата е во поголеми реони а со тоа и испуштање на поголеми количини на вода.

Одржавање на сите објекти во склоп на мрежата, шахти, воздушни вентили, пожарни хидранти, испусти, затварачи, приклучоци, водомери и се што е во склоп на мрежата.

Ќе се работи на поефикасно отстранување на дефекти на водоводните линии, водоводните шахти (чистење од наноси, бетонски дел, капаци, дефекти на водоводните елементи и др.)

Во тек е на одобрување на проектната документација за реконструкција на дел од водоводна и канализациона линија на потегот Градски –базен-Кавадаречки дол чија реализација с планирана во тек на 2018 год. Средствата потребни за реализација на овој проект се обезбедени во вид на кредит од KfW банка и се во висина од 600 000 евра.

Можна е корекција во планираниот обем на активности после координацијата со Локалната самоуправа-Општина Кавадарци и Министерството за транспорт и врски во делот што се однесува на одобрениот грант од KfW банка.

Поради наведените нови активности, а водејќи сметка за веќе постоечката динамика с констатира дека е потребна набавка на дополнителен број на градежни машини како скип, мобилн асфалтерка, машина за сечење на асфалт, компресор, мини кипер, ваљак, пумпи за вода, хил мешалици за малтер, бруски , моторки за сечење на граѓа, ровонабивачка(жаба), трактор, возило з транспорт-теренско возило, агрегат и тн.

Раководител на

Одд. за градска и селска мрежа

Бојан Атанасов

Раководител на

Одд. за канализација, изворски дел и доводи

Петар Камчевски

ЈП Комуналец Кавадарци

В.д.директор

Дипл.правник Илија Атанасов

# Програма за работа на

# Сектор за Комунална хигиена за 2018 год.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗНОС НА СМЕТ

Со оваа Програма се определува планира начинот и динамиката на собирање,транспортирање и депонирање на комуналниот смет во Општина Кавадарци.

Програмата е направена согласно законските и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за Управување со отпад, Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота како и одлуките донесени од страна Совет на Општина Кавадарци и планот за Регионално управување со отпад на вардарски плански регион.

Програмата подразбира организирано собирање,транспортирање и депонирање на комуналниот отпад а интензитетот зависи од:

- густината на населението
- фреквентноста на луѓе
- структурата на комуналниот отпад
- социјланите,културните и останатите особености на граѓаните
- инфраструктурните сообраќајни услови

Собирањето,транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад создаден од домаќинствата и правните субјекти во Општина Кавадарци и околните села ке се реализира со следниве возила

- 6 авто ѓубрарки со запремнина од 5 м3 до 16 м3
- 2 авто подигачи (за контејнери од 5 и 7м3)
- 2 трактора (за чистење на диви депонии и сметот расфрлан околу контејнери)
- 1 будожер(за туркање на сметот на депонија)

Поради зголемената количина на смет, вклучување на нови корисници на услугата како што се селата Дреново, Шивец, Ресава, Бегниште и Сопот а и заради поквалиетно вршење на истата, потребно е вклучување на уште едно возило за износ на смет (авто ѓубрарка)т.е воведување на уште еден реон.

Во оваа работна година во план е поставување на нови метални и пластични контејнери за замена на старите и дотраени контејнери. Веќе почнатата донација за канти за смет ке продолжи и 2018 а со истата ќе бидат опфанати и корисниците на услуги на ЈП Комуналец не само на места каде не постои можност за поставување на контејнери и места каде пристапот на автоѓубрарките е ограничен туку и на сите индивидуални стамбени објекти во Општина Кавадарци

Исто така во 2018 година ќе продолжи праксата на секојдневно кружење на тракторите околу контејнери и собирање на сметот исфрлен до нив.

Како и секоја година и оваа ќе бидат поставени контејнери од 5 м3 на места во градот каде граѓаните ќе можат да го фрлаат комињето, инертниот и кабастиот отпад во нив а во план е и промена на неколку дотраени контејнери од 5 м3 и од 7 м3.

Што се однесува до ефикасноста и квалитетот на исфрлањето на сметот во изминатите неколку години е видно подобрен благодарение на новите возила, но сепак е потребно дообновување на возниот парк т.е. потребно е да набави нова автоѓубрарка од причина што обемот на работа ќе биде зголемен.

На градската депонија " Мелци " која се наоѓа на три километри југозападно од Кавадарци, оваа година во план е да се депонира околу 13.000до 14.000тони комунален смет и околу 5000 м3 земја и градежен шут.

Според програмата за работа за 2018година, износот на смет ќе се врши во 1-ва и во 3-та смена и тоа во четири зони во градот:

| Ред. Број | Локација | Број на исфрлања Неделно |
|---|---|---|
| 1 | Строго централно подрачје | 7 пати неделно<br>13 контејнери 2 пати дневно |
| 2 | Централно подрачје | 3 пати |
| 3 | Останато градско подрачје и селата | 2 пати |
| 4 | Индустриска зона | 1 пат неделно |

Ќе бидат опслужени околу 10.000 домаќинства и околу 1.100 стопански субјекти.

Сектор за комунална хигиена

Раководител со Овластување

/ Јован Ристов /

ЈП Комуналец Кавадарци

в.д.директор

Дипл.правник Илија Атанасов

# Програма за работа на
# Одделение за одржување на механизација и возила
# за 2018 год.

Одделението за одржување на механизација и возила- Сектор комунална хигиена, во склоп на ЈП Комуналец – Кавадарци врши одржување и поправка на сите моторни , товарни возила и градежни машини,како и опслужување на сите Сектори во претпријатието со истите,а воедно ги извршува и сите браварски работи.

Во Одделението за одржување на механизација и возила на неопределено време се вработени 33 работници и тоа: 24 возачи на лесни и товарни(специјални)возила , 3 машинисти- опслужители на градежни машини, 3 механичари и 3 бравари.

Возилата со кои располага Одделението по тип и намена се следните:

3-самоподигачи(од кои еден во неисправна состојба), 4-трактори, 2-цистерни,1-цистерна Канал Цет за канализација, 9-возила за износ на смет, 2 булдожери(од кои еден во неисправна состојба), 2-пик-ап камиони, 1-кипер, 4-багери-ровокопачи(од кои еден во неисправна состојба), 6-леки коли, 3-лади нива, 1-ваљак, 3-APN мотоцикли, 2 мотоцикли од 50цм3, 2 мотоцикли од 150цм3 и други помошни средства.

Возила кои се користат во **Сектор за Комунална Хигиена** се:

| Р.Б. | Тип на Возило | Година на производство |
|---|---|---|
| 1. | **Автоѓубрарка Хјундаи** со капацитет на собирање на комунален смет од 5м3 | 2013 |
| 2. | **Автоѓубрарка МАН** со капацитет од 16м3 | 1991 |
| 3. | **Автоѓубрарка Хјундаи** со капацитет од 6м3 | 2013 |
| 4. | **Автоѓубрарка ИВЕКО Отојол** со | 1995 |

| | | |
|---|---|---|
| | капацитет од 5м3 | |
| 5. | **Автоѓубрарка ИВЕКО Еурокарго** со капацитет од 12м3 | 2011 |
| 6. | **Автоѓубрарка СКАНИА** со капацитет од 12м3 | 2005 |
| 7. | **Самоподигач Застава** за подигање на контејнери од 5м3(во неисправна состојба) | 1986 |
| 8. | **Самоподигач Хјундаи** за подигање на контејнери од 5м3 | 2015 |
| 9. | **Самоподигач ФОРД** за подигање на контејнери од 5м3 и 7м3 | 2013 |
| 10. | **Трактор ИМТ 539** | 1963 |
| 11. | **Трактор ИМТ 539** | 1970 |
| 12. | **Трактор Ди Тафе** | 2013 |
| 13. | **Фиат Добло** | 2010 |
| 14. | **Моторче АПН** | 2009 |
| 15. | **Автоѓубрарка Ивеко Еурокарго** со капацитет од 8м3 | 2012 |
| 16. | **Булдожер ШАНТУИ** за туркање на сметот на депонија " Мелци" | 2015 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | **Мотор Хамачи** 150цм3 | 2014 |

Возила кои се користат во **Сектор за Водовод и Канализација** се:

| Р.Б. | Тип на Возило | Година на производство |
|---|---|---|
| 1. | **Лада Нива** | 2008 |
| 2. | **Фап 15/16 Цистерна** | 1982 |
| 3. | **Фиат Сеиќенто** | 2011 |
| 4. | **Фиат Добло** | 2010 |
| 5. | **Фап 13/14** - Кипер | 1983 |
| 6. | **Фап 13/14** - Цистерна | 1976 |
| 7. | **Скип – 516** (во неисправна состојба) | 1993 |
| 8. | **Скип РУ 050** | 1995 |
| 9. | **Фиат Дукато** | 2011 |
| 10. | **Моторче АПН x 2** | 2009 |
| 11. | **Ровокопач ХМК 62 с** – мини скип | 2011 |
| 12. | **Ровокопач ХМК102 б** – голем скип | 2011 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **Трактор ИМТ 539** | 1973 |
| 14. | **Моторче 50м3** х 2 | 2014 |
| 15. | **Ивеко Еурокарго (КАНАЛ ЦЕТ)** – Цистерна за чистење на канализации | 2015 |

Возила кои се користат во **Сектор Заеднички Служби** се:

| Р.Б. | Тип на Возило | Година на Производство |
|---|---|---|
| 1. | **Фиат Панда** | 2010 |
| 2. | **Тојота Авенсис** | 2011 |
| 3. | **Дачиа Дастер** | 2014 |
| 4. | **Лада Нива** | 1998 |
| 5. | **Мотор** 200цм3 | 2014 |

**Планирани за набавка во 2018 година се** : 1-Автоцистерна со предни и задни млазници со носивост од 7 до 8 тони, 1- Камион кипер со носивост до 10 тони , 1- Ровокопач (Скип), 1- Камион мини кипер со капацитет од 2 до 4м3 и набавка на приклучни мобилни машини и алати за потребите на Одделението за градежни работи кое ќе се формира.

**Планирани активности за 2018 година** :

-Одржување и поправка на возилата од возниот парк на ЈП Комуналец Кавадарци, поправка на надградби на сите автосмеќарки, како и поправка на тековни дефекти;

-Одржување и поправка на контејнери од 1,1 м3 и од 5 м3;

-Изработка на метални капаци и решетки;

-Обезбедување на соодветна просторија за вработените во Одд.Механизација;

-Реконструкција на постоечкиот канал за поправка на возила во механичарската работилница;

-Мал дел од возилата со кои располага ЈП Комуналец Кавадарци се застарени и амортизирани, а дел од нив и во лоша состојба, што бара нивно секојдневно одржување,па затоа е потребно задржување на овој тренд на обнова на возниот парк.

- Со соодветна законска постапка за отуѓување решавање на останатите возила кои се вон употреба.

Одд. за одржување на механизација и возила

Раководител со Овластување

/ Панче Станоев /

ЈП Комуналец Кавадарци

в.д.директор

Дипл.правник Илија Атанасов

ПРОГРАМА РАБОТА ЗА 2018 ГОДИНА на

Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата

Основна цел на одделението за изготвување и дистрибуција на сметки е реално фактурирање на услугите што им ги дава ЈП Комуналец, односно потрошената вода и износ на смет на граѓаните и правните субјекти и наплата на истите.

Со самото тоа се обезбедува и нормално функционирање на претпријатието, поквалитетно извршување на основните дејности, редовно доставување на вода до сите корисници, одржување на канализација и износ на смет во сите делови од градот.

Како цел во 2018 година ќе имаме за зголемување на фактурирање на вода за околу 30.000 м3 повеќе од 2017 година.

Ова ќе го постигнеме со :

- Редовно читање со сликање и фактурирање на потрошената вода.

Со редовното читање и фактурирање на потрошената вода се создава навика кај потрошувачите за самоконтрола на потрошувачката, кое пак се олеснува со слика од водомерот на самата фактура.

-Пријавување и промена на неисправните водомери со исправни баждирани водомери.

- Поставување на водомери кај оние потрошувачи кои се без водомери или имаат заеднички водомер.

-Успешната акција за промена на водомери од 2017 година од околу 700 водомери ќе биде повторно спроведена и се предвидува оваа бројка повторно да се достигне во 2018 год.

-Прочистување на недостапните водомери,односно отрпување на водомерите кои се затрупани со песок, земја, дрва, буриња, коцки и сл. од страна на корисниците доколку истите не го направат тоа ќе мора да се фактурира паушално по одлука (15 м3 по член);

- Откривање на диви приклучоци пријавување, санкционирање и исклучување на истите.

- За побрзо откривање на диви приклучоци, посебно во селата, почесто ќе се комуницира со селаните од страна на инкасантот и контролорската служба.

-Воведување на нови корисници.

-Решавање на приговорите и барањата од корисниците на наши услуги.

-Склучување на договори со корисниците.

Во 2018 година ќе имаме зголемување во фактурирањето и по основ на собирање на износ на смет. Се очекува и за 2018 год, како и во 2017 да имаме пораст на фактурирање по овој основ од околу 400.000 м2.

Планираме добрата наплата што ја имавме во 2017 год. да биде на исто ниво и во 2018 година.

За остварување на оваа наплата ќе треба да се обрне внимание на:

- Опоменување пред тужење на нередовните плаќачи;
- Доставување опомени пред исклучување;
- Изготвување решенија за исклучување со и нивно спроведување.

Одд.за изг. и дис. на сметки и

следење на наплата

Раководител

Петар Камчев

ЈП Комуналец Кавадарци

В.д.директор

Дипл.правник И.Атанасов

# Програма за работа на

# Одделение за општи правни работи за 2018 година

Одделението за општи и правни работи е дел од Секторот Заеднички служби и истото се состои следните моментално вработени лица еден Раководител на одделение за општи и правни работи, Советник за застапување- двајца извршители; Советник за административно-правно работење и управување со човечки ресурси- еден извршител; Самостоен референт Архивар еден извршител, Хигиеничар - двајца извршители, Чувар-патрола пет извршители; Референт за административно технички работи - еден извршител и истите ќе бидат насочени кон:

1. И во 2018 година се планира со продолжување на континуитетот на утужувањето на физичките лица, дуќаните и на правните лица – кои нередовно ги измируваат месечните задолжувања према ЈП Комуналец Кавадарци.

- Во 2018 година утужувањето ќе се врши претежно за незастарен долг а тоа ќе се постигне со изготвување на опомена а потоа и изготвување на предлози за издавање на нотарски платен налог, со што нема да се дозволи неплатениот долг да застари согласно одредбите на ЗОО.

Продолжување на соработка со Нотарите во Кавадарци во поглед на ажурноста на предметите, проверка на предмети формирани по предлог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, во колкав број се незавршени и од кои причини и нивна реализација.

Изготвување на барање за извршување до приватните извршители по однос на издадени правосилни и извршни решенија, пресуди и судски порамнувања.

Изготвување на опомени пред утужување и пред поднесување на барање за извршување, како и опомени за плаќање на долг под страв на исклучување од водоводна мрежа.

-редовно плаќање на судските такси и нотарските награди.

-Застапување на претпријатието.

Во смисла на претходното потребно е да се превземат низа пропратни и подготвителни активности како што се:

-Продолжување на координација со одделение за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата а во врска со ажурирање на податоци на корисниците, како би имале точни податоци за секој корисник (Име, презиме, ЕМБ и адреса на живеење), кои ни се неопходни податоци за уредно доставување на предлозите.

- Помош во делот на изнаоѓање на точни податоци за статусот на правните лица корисници на комунални услуги како што се : Централниот регистар, УЈП, е-податоци и др;

-Поднесување на кривични пријави за оние сторители коишто ќе оштетат или ќе ја симнат пломбата од водомерот која што претставува службен знак а согласно донесениот Правилник за поставување на водомери и пломби како службен знак, како и за корисници кои бесправно користат вода за пиење или на друг начин противправно ја користат водата за пиење.

**2.** Ќе се превземат активности согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за јавните претпријатија и Законот за административните службеници како што се оценување на вработените во претпријатието, изработка на Годишен План за вработување, спроведување на задолжителни обуки, изготвување на разни подзаконски акти во согласност на горе споменатите материјални прописи и водење на дисциплински постапки во претпријатието доколку има потреба од тоа.

Одделението за општи и правни работи учествува во работењето на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на претпријатието преку изготвување на материјали за седниците(изготвување на записници од седниците, одлуки, заклучоци и сл) нивно спроведување и достава до надлежните орган и до Совет на Општина Кавадарци преку свој преставник во својство на записничар.

-Активности околу кадровата евиденција и ажурање на податоците околу пензискиот стаж, продолжување со ажурирањето на потадоците од ХРМИС системот од Министерството за информатичко општество и администрација и следење на нивните новини и насоки а се со цел правилно и законито сроведување на законските прописи.

Во одделението за општи и правни работи ќе се preземаат и целосни активности околу пријавување и одјавување на работници, изготвување на документација за остварување на правото на пензија, изготвување на решенија за користење на годишен одмор на вработените во претпријатието по предходен план за користење на годишен одмор а врз основа на соодвените позитивни законски прописи.

**3.**Одделението за правни и општи работи ќе изврши работни задачи за спроведување и контрола на мерките за безбедност при работа кои се пропишани во Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за заштита и спасување а се со цел за непречено и нормално работење преку изработка на програма за обуки за безбедно извршување на работните задачи за сите вработени, спроведување наИзјавата за безбедност цо цел намалување на проценетите неповолни услови за работа, спроведување на контрола на спроведување на мерките од безбедност при работа, изготвување на програма и нејзино спроведување за редовен систематски преглед на сите вработени, изработка на план негово спроведување за вакцина и ревакцина на дел од вработените, изработка на упатства заради информирање на вработените за безбедно извршување на работните задачи како и спроведување на мерките за безбедност против пожар и мерки за прва помош во случај на опасност.

**4.** Чистење на архивската граѓа согласно Законот за архивско работење и употреба на новото програмско електронско решение за архивско работење.

**5.** Во рамките на одделението за општи и правни работи има и извршители на работното место чувар-патрола кои вршат целосно обезбедување на објектите преку водење на евиденција и вршење на контрола на луѓето, возилата и материјалите кои влегуваат односно излегуваат во стопанскиот двор на претпријатието со точно наведување на времето за влез и излез.

Оваа година се планира и оградување на стопанскиот двор на претпријатието, ставање во функција на видеокамерите во смисла на посуфтицифиран видео надзор на стопанскиот двор како и доволно осветлување на истиот со поставување на доволен број на светилки што би довело до поголема безбедност на објектите во истиот.

**6.** Во делот на одржување на хигиената на просториите во оваа одделение ќе се води грижа за рационално користење на потрошениот материјал и правилно одржување на хигиена на инвентарот и работните простории.

Одделението за општи и правни работи во текот на годината ќе присуствува на состаноци, советувања, семинари и други активности во соработка со другите органи и организации и здруженија во Републиката и странство со цел унапредување на работата и соработката, размена на искуства, ефикасно постапување, унифицирање на работите и заедничко разрешување на проблемите во интерес за поефикасно, стручно и квалитетно работење на вработените во оваа одделение.

Одделение за општи и правни работи

раководител

Цветанка Ташева Змеовска

ЈП Комуналец Кавадарци

В.д Директор

дипл.прав. Илија Атанасов

# Програма за работа на

# Одделение за гробишта за 2018 год.

Одделение за гробишта работните задачи ги извршува со следните извршители :

1.Раководител 1

2.евидентичар 1

3.техничар-катастар и финансии 1

4.хигиеничар 1

5.општи работници 5

Со донесување на Законот за гробишта и излегување во Службен весник на РМ бр.86 од 14.07.2008 год.- Јавното претпријатие Комуналец Кавадарци отпочна со активности за негова имплементација.

Во Февруари 2012 г. се склучи договор со оператор ДООЕЛ Хумка Кавадарци и одтогаш наваму си ги превзеде обврските што по Законот му припаѓаат, а ЈП Комуналец Кавадарци,како управител ги извршува по Законот оние работи кои се во чл 17,18 и 19 наведени.

На 20 јули 2015 година започна со работа и вториот оператор Д П У Нирвана услуги Кавадарци. Со тоа ќе се створат услови за конкуренција во дејноста, а со тоа се надеваме дека ќе поевтинат и погребалните услуги.

Ќе продолжиме со активности на изготвување на нова номенклатура на гробните места по блокови и гробни места , а се во насока да поедноставно се најдат бараните податоци , како за потребите на катастарот така и за барани информации од граѓаните.

Да споменеме дека и досега Одделение за гробишта ги водеше сите книги за евиденција, катастер по блокови. По извршеното споредување на ауто –кад верзијата на гробните места со постоечкиот катастар ќе се направи ново обележување на блоковите А ,Б, В,Ѓ и секаде каде ќе се утврди потреба за промена, заради точна и лесно евидентирана позиција на гробното место.

Како главен преоритет на управителот ќе остане достоинствен погреб на починатиот, уредување, одржување, хигиена, и се друго што е пропишано со Законот за гробишта.

Во 2018 година ќе се променат и климите во две простории наменети за верски обреди при погреб со поголема моќност за ладење и греење.

Ќе се набави и уште еден мотор за ладење на коморта каде се чуваат починатите лица до извршување на погребот а се со цел за континуирано одржување на температурата во комората.

Во 2017 година, по спроведена постапка од страна на локалната самоуправа Кавадарци, за купување на 2 нови парцели за нови гробни места, купени се 4600 м2. Теренот на едната парцела од 1300 м2. е расчистен ,уреден и парцелизиран .

Во 2018 година треба да се изградат пристапни патишта до овие парцели во должина 200 м и ширина 3 метри, да се доведе вода ,направат мрамори и нова канализациона линија од 200м.

Исто така од оваа година имаме планирано асфалтирање на улица во должина од 200 м. Бидејќи е завршено поставувањето на атмосферската, фекалната и водоводната линија, останува да се изврши тампонирање и асфалтирање.

Од претходни години, останати се за асфалтирање или со поставување на павер елементи, улици во гробиштата, во должина од 200 метри и ширина 2,4 метри.

Потребна е промена на сите сијалици со штедливи околу 35 на број и потребно е на новите парцели да се постават уште 4 бандери како би се подобрило јавното осветлување на гробиштата.

Во 2018 година ќе го зголемиме обемот на градежни работи на гробиштата така да планираме во споредба со претходната година да потрошиме околу 600 вреќи цемент и соодветно песок за разлика од ланскиот период каде се потрошија 360 вреќи.

Овој обем на работа ќе го извршиме со истиот број на вработени и со користење на мешалица за бетон и агрегат за струја на сите делови од гробиштата.

Освен редовното бетонирање на нови гробни места во 2018 планираме да бетонираме и стази околу 250 м2 во блок Ѓ.

Во 2018 година ќе се отстапи од досегашното косење на тревата во гробните места , ќе се набави поголема количина од хербициди. Со прскање ќе се третираат тревите на патеките, меѓите и гробните места кои имателите не ги чистат.

Со изградбата на заштитната ограда во 2014 се подобри редот на гробиштата ,но сепак треба уште многу да се направи за да се заокружат гробиштата како целина.

- За подобро и поквалитетно извршување на работните обврски на Одделението гробишта на крајот од 2017 година добивме на користење возило лада нива произведено 2000 година во возна состојба и приколица , за да можат вработените сами да си носат потребен материјал и алати за работа и за износ на смет.

Одделение за гробишта

Раководител

/ Развигор Кабранов /

ЈП Комуналец Кавадарци

в.д.директор

Дипл.правник Илија Атанасов

# Програма за работа на
# Одделение за пазар за 2018 година

Пазарот е посебна трговска институција која се бави со организирање трговија на мало, по пат на уредување, одржавање и издавање на специјален простор за обавување на пазарна продажба на производи, како и давање други услуги во состав на ЈП Комуналец-Кавадарц . Пазарот како единствена трговска институција која овозможува директен контакт помеѓу производителот и крајниот потрошувач и во планскиот период ќе го прати ритамот на технолошкиот развој и прилагодување на потребите на потрошувачите преку инфраструктурно уредување и опремување на пазарот а во согласност со Законот за безбедност на храна.

Пазарот истовремено има две функции – комунална и трговска. Зелениот пазар како место на кое се врши снабдување на населението со животни намирници и други прехрамбени и непрехрамбени производи представува составен и неодвоив дел од комуналната инфраструктура на градот. Од тие причини во иднина мора да се посвети поголемо внимание на осовременување на постојниот пазар како и изградба на нов МИНИ пазар во новиот центар а пред се како резултат на се по изразената конкуренција во трговијата на зелен пазар од страна на т.н. пиљари и големите супермаркети во градот.

Одделението за пазар во 2018 година својата дејност ќе ја обавува на просторот на Зелениот пазар на вкупна површина од околу 4500 м2, со вкупно 430 продажни места од кои:

- Продажен покриен простор.............................................. .250 $м^2$
- Деловен простор – канцеларии............................................25 $м^2$
- Метални тезги со кров 2 x 1 м......................................... ...220 тезги
- Метални тезги без кров................................................... .120 тезги
- Покриен продажен простор за јајца.....................................40 $м^2$
- Продажни места (таканаречени коцка).................................90 броја

Одделението за пазар својата дејност во планскиот период треба да ја остварува со пет извршители и тоа:

- Раководител на Одделение за пазар со ВСС
- Тројца инкасанти со ССС и
  Еден пометувач со ОО

Во текот на 2018 година исто како и во изминатиот период ќе продолжат дејствијата на логистичка подготовка за продолжување на примената на законските решенија поврзани како со фискализацијата на зелените пазари исто така и со применат на ХАССАП стандардите за добра хигиенска пракса.

Во периодот на 2018 година, покрај тековните работи кои треба да се превземат за подобрување на осветлувањето на пазарот, санација на дел од веќе застарените тезги, неопходно е да се докомплетира централниот дел на пазарот со уште 14-34 нови тезги од причина што во текот на 2017 година на истиот дел беа поставени 90 нови тезги, како и да се изврши комплетно реновирање на деловните простории- канцелари на пазарот со опремување на истите со нов мебел.

Од градежните работи приоритет треба да се даде на изградба на простор за продажба на млеко и млечни производи како и санација на потпорните зидови и комплетно поставување на нов слој асвалт или бекатон плочки на целата површина на пазарот како и изградба т.е. поставување на решетки со одводни канали на влезовите од пазарот за непречено перење на пазарот во секој дел од годината.

Потребно е да се изврши комплетна реконструкција на кровната конструкција на делот каде што се продава текстил од причини што истата е целосно руинирана и во услови на временски непогоди им прави големи штети на излагачите на производи на тој дел.

Исто така неопходно е и да се овозможи влез на излагачите на пазарот од улицата „Цано Поп Ристов“ за дотур на роба на Градски пазар и излез на улицата „7-ми Септември“, како едно од решенијата за избегнување на застојот и непречено одвивање на сообраќајот на улицата „Цано Поп Ристов“.

Во 2018 година потребно е да се ангажираат двајца извршители како чувари-пометувачи на пазарот а пред се како резултат на злоупотребата на пазарот од неговата основна намена и се позачестените појави на наоѓање на остатоци од користење на наркотични средства на истиот и голем број оштетувања на тезгите на пазарот.

Одделение за пазар во 2018 година планира да оствари вкупен приход на износ од 3.200.000,00 денари и тоа:

| Р.број | Планирани приходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба на тезги | 2.500.000,00 |
| 2. | Приходи од наплата на дневна такса | 700.000,00 |
| | **В К У П Н О:** | **3.200.000,00** |

Трошоците за истиот период се планираат на износ од 2.700.000,00 денари и тоа со следната структура:

| Р.број | Планирани трошоци | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Вкалкулирани плати | 2.000.000,00 |
| 2. | Трошоци за регрес | 80.000,00 |
| 3. | Трошоци за превоз-службени патувања | 30.000,00 |
| 4. | Потрошена електрична енергија | 65.000,00 |
| 5. | ПТТ трошоци | 15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Потрошени суровини и материјали | 150.000,00 |
| 7. | Трошоци за Работна заедница | 360.000,00 |
| | **В К У П Н О:** | **2.700.000,00** |

Одделение за пазар

Раководител

Дипл.Економист Љупчо Делов

ЈП Комуналец -Кавадарци

ВД Директор

Дипл.правник Илија Атанасов